Јавен повик до граѓански организации од Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот регион за доделување грантови за застапување во рамки на проектот „*Медиуми на заедницата за граѓански ангажман: Трансформирање на општествените барања во општествена акција“, спроведуван од Институтот РЕСИС, а поддржан од Европската Унија*

Датум на кој повикот е објавен: 4-ти јули 2025 година година

Последен рок за аплицирање: 15 август 2025 година до 23:59 часот

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

пристигнати на office@resis.mk до предвидениот рок 25.07.2025 г.

1 август 2025

Финансирано од Европска Унија

1. Прашања поставени од организација од Кочани на 14.07.2025	
П1.1: Дали организација која делува на територијата на целата земја, но чиешто седиште е регистрирано во Скопје може да аплицира на повикот?	Право на учество на повикот во еден од наведените региони каде што се активни медиумите на заедницата на иницијативата Локал Актив, имаат единствено оние организации регистрирани во соодветниот регион. (Ова е посочено во делот 2 во повикот: „Целта на овој повик за локални иницијативи за застапување е поддршка на локалните граѓански организации од Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот регион за спроведување активности што ќе произлезат од објавена истражувачка или аналитичка сторија на еден од медиумите на заедницата: Локал Актив Исток, Локал Актив Вардар или Локал Актив Пелагонија“. Во делот 3 од Повикот дополнително е наведено и дека „Финансиските средства предвидени во проектот за поддршка на локални граѓански иницијативи изнесуваат вкупно 39.000 евра и тие ќе бидат распределени на 15 граѓански организации од четирите наведени региони“. Според ова, граѓанска организација регистрирана, на пример, во Скопје не може да учествува на повикот кој би се однесувал на проблем во Пелагонискиот регион.
П1.2: Дали учеството на предвидените обуки и изработката на сторијата треба да се предвидат и опишат како дел од активностите и дали трошоците за нив треба да влезат во планираната сума за буџетот?	За активности кои се подобни за финансиска поддршка може да се информирате во Упатството за аплицирање (делот 4 Подобни активности). Според ова сите трошоци за учество на обуките ќе бидат покриени од организаторот на обуките, а тоа е РЕСИС. Од друга страна, сите трошоци за подготовката на аналитичката/ истражувачката сторија, вклучително и трошоците за новинарот. кој како дел од тимот спроведува истражувачки активности за сторијата, треба да се покријат во рамките на доделениот грант за локалната граѓанска организација – аналитичката сторија така е дел од процесот на застапување.
П1.3: Дали патните трошоци на учесниците во спроведување на активностите треба да се предвидат како дел од ставката-транспорт или во ставката трошоци за активности (што според мене е пологично)?	За ставките кои може да се предвидат во буџетот, понудена е форма на индикативен буџет во документот „АНЕКС 2 - Пријава за мали грантови“, каде што е понудена можноста дел од трошоците да се предвидат во ставката „2 Транспорт“. Доколку во апликацијата бидат предвидени активности за кои ќе се потребни средства за превоз на учесници во активностите, прифатливо е да се предложат таквите трошоци во ставката „Транспорт“.

2. Прашања поставени од организација од Крушево на 17.07. 2025	
П2.1: Дали истражувачката сторија треба да се вклучи во апликацијата и во буџетот или таа ќе оди засебно со оглед на тоа дека веќе изразивме интерес да бидеме соработници?	Да, истражувачката сторија, подготвена во партнерство со новинар од Работната листа на Локал Актив треба да се вклучи во апликацијата и во буџетот, во кој ќе се предвидат трошоци за локалните активисти (членовите на здружението - апликант) и за новинарот како дел од буџетската ставка 1. Човечки ресурси
П2.2: Дали Планот за застапување треба да биде посебен документ кој ние според наше видување ќе го конципираме?	Во фазата на аплицирање од апликантите се очекува да дадат образложение според насоките на Анекс 2: Формулар за аплицирање. Бидејќи според формуларот апликантот мора да дефинира општествен проблем и да понуди траекторија за негово решавање – ова може да се смета за основа на иден План за застапување. План за застапување како посебен документ, кој потоа ќе биде прецизиран со учество на РЕСИС, ќе се бара единствено од успешните апликации. Инаку, во согласност со Упатството за аплицирање, се очекува од граѓанските организации кои ќе бидат поддржани со проектот „Медиуми на заедницата за граѓански ангажман“ да ја исполнат обврската: „Во фазата на аплицирање за грантот да идентификуваат локален, регионален или национален проблем чие решавање е од витален интерес за граѓаните на подрачјето каде дејствува граѓанската организација, со предлог - План за застапување, во кој ќе понудат можни решенија и ќе предложат активности преку кои ќе се обидат да го адресираат проблемот заедно со релевантните јавни институции и другите засегнати страни“. Во Јавниот повик не е понуден посебен урнек за План за застапување бидејќи тој ќе треба да се прецизира по објавувањето на сторијата во рамки на доделениот грант и по учеството на активистите во обуката за застапување која ќе биде организирана во рамки на проектот.
3. Прашање поставено од новинар на 23.07.2025	
3.1. Новинарските истражувања како дел од проектот треба да бидат појавени во еден од трите медиуми Локал Актив Локал	Како што е наведено во Упатството за поднесување предлог-проекти на Јавниот повик (АНЕКС 1), целта на повикот за локални иницијативи за застапување е поддршка на локалните граѓански организации од Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот

Актив Вардар или Локал Актив Пелагонија. Дали, каде ќе биде објавено зависи од регионот каде ќе се врши истражувањето? На пример од Скопски регион каде би се објавувало? Или тоа не е поврзано?	регион за спроведување активности што ќе произлезат од спроведено истражување и објавена аналитичка сторија (во партнерство со новинар) на еден од медиумите на заедницата: Локал Актив Исток, Локал Актив Вардар или Локал Актив Пелагонија. И сториите и последователните застапувачки активности се дел од апликацијата што треба да се поднесе на овој Повик. Така, аналитичките новинарски стории кои ќе бидат подготвени во рамки на проект, на пример во Источниот или Југоисточниот регион, ќе бидат објавени на платформата Локал Актив која ги покрива овие региони. Исто така, анализите кои ќе бидат подготвени во рамки на проект кој се однесува на прашања специфични за Вардарскиот регион, ќе бидат објавени на платформата Локал Актив Вардар. Следува дека овој повик нема предвидено поддршка на локалните граѓански организации од Скопскиот регион или за прашања кои не се однесуваат на хипер-локални теми од населените места од регионите кои се фокус на повикот.

4. Прашања поставени од организација од Свети Николе на 24.07.2025

4.1.: Во упатството на проектот, во фаза на спроведување пишува - ангажирање на новинар од ростерот на Локал Актив кој заедно со активистот ќе работи на сторијата. Дали ГО што во апликацијата на проектот треба да предвиди ставка за финансирање на новинарот со сума која сама ќе ја определи ГО?	Граѓанските организации ќе треба, во фазата на спроведување на активностите на локални иницијативи кои ќе бидат поддржани од проектот „Медиуми на заедницата за граѓански ангажман“, да ангажираат еден од новинарите кои ќе бидат дел од Работната листа на Локал Актив. Во фазата на аплицирање за грантот не треба да испраќаат име или кратка биографија на новинар кој би работел на сторијата, туку само на активистот од организацијата кој (заедно со новинар) ќе работи на сторијата. Организацијата самостојно треба во апликацијата да одлучи која е сумата која ќе ја предвиди во буџетот за финансирање на работата на новинарот, но во секој случај треба да води сметка таа сума да одговара на реалните пазарни услови.
4.2.: Дали една граѓанска организација може да аплицира со два или повеќе проекти во рамките на овој проект и кои се ограничувањата ?	Нема ограничувања во однос на бројот на апликациите кои една организација може да ги поднесе, но со самиот повик е планирано средствата да бидат распределени на 15 граѓански организации од четирите наведени региони, така што, во име на диверзитетот, РЕСИС на овој повик нема да додели повеќе од еден грант на една организација.

П 4.3. Дали ќе се финансира набавка на опрема ислучиво за потребите за реализација на проектот, на кој вид на опрема, односно на кои материјално технички средства тоа би се однесувало одобрувањето, доколку е дозволено?	Упатството за поднесување предлог-проекти на Јавниот повик (АНЕКС 1) пропишува дека набавка на опрема не е подобна за финансиска поддршка.